# Проект : «Патна мапа за преструктурирањето во металскиот сектор.
# Управување со преструктурирањето преку активно вклучување на социјалните партнери, ширење на добри практики, споделување на искуства и иновации.»

**Овој проект се реализира со поддршката на Програмата на Европската унија за вработување и социјална солидарност - ПРОГРЕС (2007-2013).**

PROGRESS programme 19.05.2011

# Тркалезна маса за проблемите на преструктурирањето во металскиот сектор

**Содржина**

1. Претставување на информации  за  програмата  ПРОГРЕС

2. Претставување на насоката на проектот:
задачи, цели, структура на управување со проектот

3. Улогата на партнерите

4. Параметри на проектот

5. Тим за управување со проектот

6. План за спроведување

7. Опфат на проектот и ширење на информации



*27 јануари 2011г., Софија, хотел Централ ФОРУМ*

# 1.Претставување на информации за програмата ПРОГРЕС

## Тема : преструктурирање, благосостојба на работното место и финансиско учество

- Со програмата ПРОГРЕС управува Генералниот директорат за вработување, социјални работи и еднакви можности на Европската комисија

- Таа е создадена за финансиска поддршка на спроведувањето на целите на ЕУ во сферата на вработувањето и социјалните работи, како што е утврдено во Социјалната програма и така придонесува за остварувањето на целите на Лисабонската стратегија во тие области. Седумгодишната програма е насочена кон сите заинтересирани земји кои можат да придонесат за развој на погодна и ефикасна законска регулатива во сферата на вработувањето и социјалната политика во рамките на ЕУ-27, Европскиот економски простор, земјите-кандидатки за членство и државите кои ја подготвуваат својата кандидатура за членство во ЕУ.

  Мисијата на ПРОГРЕС е да го зајакне придонесот на ЕУ во поддршка на посветеноста на земјите-членки. ПРОГРЕС е средство за:

- Обезбедување на анализа и политички консултации во однос на политиката на ПРОГРЕС;
- Мониторинг и извештај за спроведувањето на Европското законодавство и политики во сферите на дејност на ПРОГРЕС;
- Поттикнување размената на политики, знаења и поддршка меѓу земјите-членки во однос на целите и приоритетите на ЕУ;
- Одразување на ставовите на заинтересираните страни и општеството како целина.

## 2. Претставување на насоката на проектот:

## Задачи,

## Цели,

## Структура на управување со проектот

# Задачи на проектот

- Проектот е насочен кон потребите на социјалните партнери во металската индустрија: тој има за цел да ги развие нивните вештини, знаења и разбирање за преструктурирањето; да ги поддржи просперитетот на компаниите и благосостојбата на работниците во услови на глобализација на пазарите, економски промени и нови предизвици во односите меѓу трудот и капиталот. Продлабоченото истражување  на процесите на преструктурирање во новата економска реалност ќе биде акцент во размената на добри практики на регионално, национално и Европско ниво.

  Проектните активности ќе им овозможат на социјалните партнери во металскиот сектор активно да учествуваат во креирањето на нови политики, насочени истовремено кон прашањата кои се однесуваат на флексибилноста на пазарот на труд и организацијата на трудот, работните односи, вработеноста, социјалната сигурност и флексибилната сигурност за постигање целите на Стратегијата за раст и вработување и на тој начин ќе придонесат за реализацијата на Европскиот социјален модел и вредностите што тој ги олицетворува.

# Цели на проектот

- Поддршка на социјалните партнери за: зајакнување на социјалниот дијалог, одговорноста и размената на знаења во процесите на преструктурирање во металската индустрија во земјите-членки и кандидатки за членство во ЕУ; промовирање ширењето на информации и споделувањето на искуства и иновации во процесите на преструктурирање во металската индустрија во земјите-членки и кандидатки за членство во ЕУ;

- Поддршка на процесот на преструктурирање преку анализа на металскиот сектор, ширење на примери за добро управувано преструктурирање и размена на искуства, за тоа како да се справиме со сериозните промени во економските услови и условите на работа кои директно влијаат на благосостојбата на работниците;

- Поддршка на работниците и службениците и нивната благосостојба во компаниите преку поттикнување примената на механизмите за информирање и консултирање;

- Поддршка на Европското и националните законодавства со зацртување на правила кои овозможуваат преструктурирањето да биде прогнозирано и управувано.

# Структура на проектот

- Прва етапа - Прва работна средба- „Тркалезна маса”- Софија, Бугарија
- Втора етапа - 3 конференции – Романија,  Франција, Македонија
- Трета етапа – Истражување / преку прашалник  во 13 земји (10 држави-членки и 3 земји-кандидати)
- Четврта етапа - Завршна конференција - Софија, Бугарија
- Петта етапа – Информативни материјали (брошура, електронски публикации)
- Шеста етапа - Прирачник „Патна мапа за преструктурирањето во металската индустрија и поврзаните сектори”

# Структура на управување со проектот

Целосното техничко и организациско управување со проектот го остварува Синдикална федерација „Металици"

Активностите се остваруваат со учество на 7 организации – партнери

**7 синдикати**

**1 Организација на работодавачи**

**во соработка со EMF**

## ПАРТНЕРИ ВО ПРОЕКТОТ

8 организации – партнери
4 земји-членки на ЕУ
1 земја кандидат за членство во ЕУ

**Европски социјален партнер**

**7 синдикати**

- **СФ Металици - Бугарија**
- **FSS METAROM;**
- **FSL- МЕТАЛ;**
- **SMETAL - Романија**
- **SIER - Македонија**
- **Federación de Industria de CC.OO – Шпанија**
- **FO Metalux - Франција**

**1 Организација на работодавачи**

- **Бугарската асоцијација на металуршката индустрија /БАМИ/ - Бугарија**

- Тим за спроведување на проектот
  - 15 луѓе



## Тим за спроведување на проектот



EUROPEAN COMMISSION
DG Employment, Social Affairs and Equal Opportunities

Social Dialogue, Social Rights, Working Conditions, Adaptation to change
Working Conditions, Adaptation to Change

- Со процесот на преструктурирање треба да може да се управува. Учесниците во него не би требало да се сметаат за корисници или погодени туку тие треба да можат да влијаат на процесот преку строго пропишани, адекватни и иновативни мерки што е знак за управување со процесот и ангажираност на повеќе нивоа - секторско, национално, европско и од страна на многу учесници - синдикати, самите работници и нивните претставници, менаџмент, национални органи.

- Преструктурирањето е во основата на многу и различни ефекти кои влијаат на работните односи, условите на работа, здравјето на работниците, професионалниот развој на работниците и службениците и како целина на сигурноста и флексибилноста на пазарот на труд.

- Во секоја етапа на спроведување на проектот – средби и состаноци, конференции, истражување, информативна кампања и печатени публикации, ќе се разгледуваат проблеми и ефекти како резултат на преструктурирањето по неколку основни принципи предложени од проектните партнери:

EUROPEAN COMMISSION
DG Employment, Social Affairs and Equal Opportunities

Social Dialogue, Social Rights, Working Conditions, Adaptation to change
Working Conditions, Adaptation to Change

- 1. Регионален принцип, Балканот, Југоисточна Европа и Западна Европа - ефекти од преструктурирањето предизвикани од местоположбата на земјите, националниот менталитет, присуството и бројот на странски инвеститори и мултинационални компании, подготвеноста на социјалните партнери за прифаќање и управување со промената на неколку нивоа - секторско и национално ниво.

- **2. Економски показатели -** процесот на преструктурирање во земјите со таканаречена "пазарна економија"- бившите социјалистички земји **/Бугарија, Романија/ и во земјите со пазарна економија /Франција, Шпанија/ ги има своите заеднички црти, но истовремено има и многу различни елементи.**
- **Во земјите од Западна и Централна Европа – сите форми и ефекти од преструктурирањето се добро познати.**
- **Преместување, пренесување / делокализација, аутсорсинг, стечај / затворање, спојување / преземање, внатрешно преструктурирање, проширување на бизнисот.**
- **Социјалните партнери имаат веќе** искуства и изградени механизми, добри практики за управување со процесот на преструктурирање, а во историски план самите тие учествувале во создавањето на адекватни мерки утврдени во Европското законодавство **кои да влијаат превентивно на негативните ефекти од процесот на преструктурирање – Директиви за информирање и консултирање на работниците, Европски работнички совети, Европска стратегија за вработување.**

Во земјите од Балканот и Југоисточна Европа - <u>само некои форми на преструктурирање се познати</u> и се применуваат во практика, како например: внатрешно преструктурирање, стечај / затворање, проширување на дејноста, <u>аутсорсинг, особено во последните 10 години.</u>

Проектот ќе овозможи преку широки дискусиони форуми, конференции, да се споделат добрите практики и иновации меѓу социјалните партнери во металскиот сектор од 13 земји - Бугарија, Романија, Македонија, Франција, Шпанија - <u>директни партнери во проектот</u> и Италија, Белгија, Португалија, Полска, Унгарија, Словачка, Хрватска и Турција кои изјавиле желба и спремност да учествуваат со свој експертски потенцијал во активностите на проектот.

EUROPEAN COMMISSION
DG Employment, Social Affairs and Equal Opportunities

Social Dialogue, Social Rights, Working Conditions, Adaptation to change
Working Conditions, Adaptation to Change

- Таа соработка ќе придонесе за долготрајни ефекти од проектот за идно адекватно и конструктивно учество на социјалните партнери од цела Европа за добро управување со процесите на преструктурирање и создавање начини за постигање на конкурентна економија на Заедницата и создавање на нови и подобри работни места.

- **3.Членство во Европската унија**

**Во рамките на проектот ќе биде спроведено истражување за тоа како заедничката европска политика влијае на формирањето на долгорочни национални политики на земјите-членки, за создавање на безбедна работна средина, култура на превенција на повредите на работа, благосостојба на вработените, креативни односи во самите фирми и конкурентни сектори.**

**Во фокусот на вниманието ќе бидат секторите со зголемен ризик и особено сектори во кои во последните години имало големи преструктурирања – како например металска индустрија, бродоградба, автомобилска индустрија, градежништво, хемиска индустрија.**

- 4. Развој на пазарот на труд и благосостојбата на вработените во металскиот сектор и поврзаните со него сектори.

По последните проширувања на Европската Унија, новопристапените земји беа главно поранешни социјалистички земји со планска економија. Тоа само по себе постави големи предизвици пред процесот на преструктурирање во целина - од една страна за транспонирање на европскиот социјален модел на работни односи и прифаќањето на новите барања на една глобализирачка економија,

од друга страна - потребно беше да се стави акцент не само на економските показатели за секторот или фирмите, туку и на индивидуалните ефекти од преструктурирањето врз работната сила, што на долг рок има ефект врз создавањето на конкурентна економија.

Првиот предизвик во процесот на преструктурирање е спроведувањето на процесот на консултации во однос на преструктурирањето и резултатите од него.

Аргументите се засновани и на социјални мотиви.

Со привлекување на работниците и службениците во раните етапи на процесот на преструктурирање и преземањето на превентивни активности за постигање на разбирање и прифаќање на промената преку “рано предупредување“ за да можат работниците да се подготват за промена на работното место.

# Конференции, истражување, прирачник

- Во последните години преструктурирањето е постојана карактеристика на економијата и обично се појавува во сите земји на ЕУ како дел од процесот на глобализација и директна последица од сегашната (финансиска) економска криза.

- Задача на проектните партнери е да направат компаративна анализа и да создадат "Патна мапа" за:
  - - начинот на кој започнува процесот на преструктурирање на претпријатија во металската индустрија
  - - како се одвива во сегашната економска ситуација
  - - како влијае врз пазарот на трудот во ситуација на светски промени и предизвиците пред Европската економија
  - - национални законодавни мерки поврзани со преструктурирањето и ефектите од процесот врз вработените
  - - каква е перспективата пред процесот на преструктурирањето како инструмент за создавање на флексибилна и конкурентна економија на земјите-членки.

# Конференции

**во Романија**

**акцент на процесите на преструктурирање во металската индустрија во "новите" земји-членки на ЕУ**

**учесници – 40**

**синдикалци од – Романија, Бугарија, Полска, Унгарија и Словенија**

**- на национално ниво - претставници на работниците и службениците, менаџмент, експерти и претставници на заинтересираните министерства**



# Конференции

**во Македонија**

акцент на процесите на преструктурирање на металската индустрија во земјите кандидати за членство во ЕУ

**учесници – 40**

синдикалци од – **Македонија, Бугарија, Турција, Хрватска**

- на национално ниво - претставници на работниците и службениците, менаџмент, експерти и претставници на заинтересирани министерства





# Конференции

**во Франција**

**акцент на процесите на преструктурирање во металската индустрија во земјите од Централна и Западна Европа - "стари" членки на ЕУ**

**учесници – 40**

**Синдикалци од - Франција Бугарија, Шпанија, Италија, Португалија, Белгија,**

**- на национално ниво - претставници на работниците и службениците, менаџмент, експерти и претставници на заинтересирани министерства**

# Конференции



во  Бугарија

Завршен форум

учесници – 50

Синдикалци од – Бугарија, Франција, Шпанија, Романија, Македонија

- претставници на Европската комисија, Европската федерација на вработените во металската индустрија

- на национално ниво - претставници на работниците и службениците, менаџмент, експерти и претставници на заинтересирани министерства.

## Шпанија , Мадрид









| Активности | 2010 12M | 2011 M1 | 2011 M2 | 2011 M3 | 2011 M4 | 2011 M5 | 2011 M6 | 2011 M7 | 2011 M8 | 2011 M9 | 2011 M10 | 2011 M11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Организациско, техничко и финансиско управување со проектот | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. Тркалезна маса | X | X | | | | | | | | | | |
| 3. Подготовка и печатење на информативна брошура | | | X | X | | | | | | | | |
| 4. Подготовка и дистрибуирање на прашалник ./ ИСТРАЖУВАЊЕ | | | X | X | X | X | | | | | | |
| 5. Подготовка и одржување на Конференција 1 | | | | | X | X | | | | | | |
| 6. Подготовка и одржување на Конференција 2 | | | | | | X | X | | | | | |
| 7. Подготовка и одржување на Конференција 3 | | | | | | | X | X | | | | |
| 8. Сумирање на резултатите и информацијата од работата на средбите и прашалникот | | | | | | | | X | X | X | X | |
| 9. Подготовка и печатење на прирачник | | | | | | | | | | | X | X |
| 10. Подготовка и одржување на Завршна конференција | | | | | | | | | | | | X |